# СОДРЖИНА


ДАНОЦИ

- Донации и даночен третман.....................................................................5

НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

- Благајничко работење и благајнички максимум.......................................................................................25

ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

- Менаџерски договор....................................................................................42

ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

- Плати за месец Септември 2020 година.................................................................................................53
- Коефициент на МДБ за Јули 2020 година.................................................................................................73
- Коефициенти на пораст на цените за месец Јули 2020 година...........................................................74
- Цени на гориво...............................................................................76
- Казнена законска камата..........................................................................85
- Курсни листи ...............................................................................................87
- Рокови.............................................................................................94

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ...........................................................................96

# ДАНОЦИ

*дипл. економист: Ромео Костадинов*

## *ДОНАЦИИ И ДАНОЧЕН ТРЕТМАН*

***Донациите и спонзорствата добиваат даночно повластен третман, во делот на ДЛД за давателот физичко лице, данок на добивка за правниот субјект и ДДВ за регистрираните обврзници за цели на ДДВ, доколку се наменети за решавање на состојбите предизвикани од Корона-вирусот COVID 19, по пат на скратена постапка.***

### *ВОВЕД*

Уредбата со законска сила за примена на законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ'' 103/2020 и 140/2020), Уредбата со законска сила за примена на законот за ДДВ за време на вонредна состојба ( “Службен весник на РСМ”, број 82/2020,...128/2020), Правилниците за начинот на спроведување на даночното поттикнување при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, извршен за реализација на донација од јавен интерес, како и формата и содржината на барањето за враќање на ДДВ на вршителот на прометот, при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата како и потребната документација (“Службен весник на РМ” 78/14) и Правилникот за начинот на спроведување на даночното поттикнување кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги со цел за реализација на јавниот интерес, како и формата и содржината на барањето за враќање на ДДВ на вршителот на прометот кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за

плаќање на набавки на добра и услуги како и потребната документација (“Службен весник на РМ” 78/14), се подзаконските акти со кои се определува начинот на оданочување и ослободување за донациите со ДДВ и другите даноци, покрај одредбите од Законските основи, врз чија основа се донесени.

Прашањето на прометот, постоењето и отсуството на надоместокот, како и влијанието врз обврската за ДДВ, се дилемите кои постојано се наметнуваат во поглед на примена на критериумот на правично оданочување.

Во услови на постоењето на пандемијата и вонредната состојба, потребата и интересот за донациите неколкукратно се зголеми, за што се донесоа и Уредбите кои ја канализираат проблематиката и постапките.

## *1. ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА ВО ЈАВНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Разлика во начинот на користење на даночно ослободување/ поттикнување постои кај даноците од јавен карактер наменети за спречување на COVID-19 и останатите донации.

За користење на даночно повластен третман кај даноците за COVID-19, не е потребно претходна потврда на јавен интерес.

Утврдување на јавниот интерес и остварување на даночното поттикнување за донациии во јавните дејности, за време траење на вонредната состојба, ќе се извршуваат врз основа на примена на одредбите од уредбата.

**Јавниот интерес** на донацијата во финансиски средства, добра и услуги, чиј примател на донацијата се буџетските корисници, со цел да се решат состојбите што се предизвикани на територијата на РС Македонија од Коронавирусот COVID 19, ќе се утврдува согласно уредбата.

За донација во финансиски средства, добра и услуги, за примател буџетски корисник, **наменета за спречување на Коронавирусот COVID 19**, **не се спроведува постапка** за потврдување на јавен интерес во Министерството за правда.

### *1.1. Барање за потврда за донација од јавен интерес за донации кои не се за COVID-19*

За секоја друга донација во јавните дејности, опфатена со членот 2 (донација од јавен карактер) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ 47/06...153/15), со исклучок на донацијата за COVID 19, постапката за потврдување на јавниот интерес се спроведува во хартиена форма или по електронски пат.

**Барањето за потврдување на јавен интерес** за донацијата, се поднесува во хартиена форма или во форма на електронски или дигитализиран документ, а документацијата што се доставува во прилог на барањето, се доставува во хартиена форма или во дигитализирана форма, согласно членот 9 од Законот за електронски документи електронска идентификација и доверливи услуги.

Барањата и документацијата во прилог на барањето, се доставуваат до архивата на Министерството за правда, доколку се поднесуваат во хартиена форма, а доколку се доставуваат во дигитализирана форма, се доставуваат до официјалната електронска пошта на Министерството за правда.

За донацијата, која **не е наменета COVID 19**, Министерството за правда донесува решение во хартиена или во електронска форма потврдена единствено со електронски потпис на раководното лице или од него овластено лице или решение во дигитализирана форма, согласно членот 9 од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

При потврдувањето на јавниот интерес за донацијата, Министерството за правда прибавува и разменува докази и податоци по службена должност во електронска форма, согласно одредбите од Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност.

#### *1.1.1. Донатор физичко лице*

Даночното поттикнување, се применува по основ на дадени донации за решавање на состојбите предизвикани од Коронавирусот COVID 19, за физичките лица кај ДЛД, и за правните лица кај ДДВ и данок на добивка.

Остварување на даночното поттикнување за донација во финансиски средства, кон буџетските корисници-приматели на донација, за решавање на состојбите предизвикани од Коронавирусот COVID 19, е проследено со поднесување на Извештај до УЈП.

Физичкото лице-давател на донацијата, до УЈП, **најдоцна до 31 јануари**, во годината која следи по годината во која ги донирало средствата, доставува **Извештај за донирани финансиски средства на буџетски корисник** за време на вонредна состојба, на **образец „ДЛД-ФЛ - ИД/К19"**.

Кон образецот се приложува:

- копија од договорот за донација,
- писмена потврда за примена донација и
- доказ за уплатени финансиски средства до УЈП, преку системот „е-Персонален данок".

Документацијата до УЈП, од страна на физичкото лице се доставува во електронска форма.

### *1.2. Донатор правен субјект*

За остварување на даночното поттикнување за донација во финансиски средства, добра и услуги кон буџетските корисници-приматели на донација, за решавање на состојбите предизвикани од Коронавирусот COVID 19, правното лице-давател на донацијата, до УЈП доставува даночен биланс, кон кој приложува копија од:

- договорот за донација,
- писмена потврда за примена донација и
- доказ за уплата на средствата.

Документацијата до УЈП, од страна на правниот субјект се доставува во електронска форма.

## ИЗВЕШТАЈ
## за донирани финансиски средства на буџетски корисник за време на вонредна состојба

ДЛД-ФЛ-ИД/К19

ЕМБГ

Име и презиме и адреса на живеење за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

### ПОДАТОЦИ ЗА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈА

ЕДБ на примателот

Назив

Адреса / Седиште

е-Пошта | Телефон

### ПРИЛОЗИ

- [ ] Договор за дадена донација
- [ ] Потврда за примена донација
- [ ] Доказ за дадена донација

### ОПИС НА ДОНАЦИЈА

Финансиски средства

### ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме

ЕДБ / ЕМБГ | Датум на пополнување

Својство | Потпис

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

Име и презиме

ЕМБГ | Датум на пополнување

Својство | Потпис

Податоци за обработката

1/2

Покрај обврските од Уредбата кои се однесуваат за поднесување на соодветно Барање, примателот на донацијата–буџетскиот корисник, за решавање на состојбите предизвикани од Коронавирусот COVID 19, доставува Извештај за донација.

**Буџетскиот корисник - примател на донација** во финансиски средства, добра и услуги, е должен да го достави извештајот **до 31 декември 2020 година**.

Извештајот за примени донации, по електронски пат и во електронска форма се доставува до УЈП.

Доставениот Извештај ги содржи следните податоци:
- единствениот даночен број, односно единствениот матичен број на граѓанинот,
- називот, односно името и презимето на давателот на донацијата,
- износот на донацијата во финансиски средства,
- износот на донацијата во добра и услуги,
- вкупниот износ на донацијата,
- бројот и датумот на договорот за донација и
- бројот и датумот на потврдата за примена донација.

## *2. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ ЗА COVID 19 ДОНАЦИИ*

Согласно позитивните законски прописи за даночно поттикнување за ДДВ, разликуваме две постапки во поглед дали станува збор за донација за спречување на COVID 19 или станува збор за донација од јавен карактер.

За донацијата од јавен карактер - секоја друга донација во јавните дејности, која **не е** донирана за решавање на состојбите предизвикани од Коронавирусот **COVID 19**, постапката за даночно поттикнување со враќање на данокот на додадена вредност, се спроведува во хартиена форма или по електронски пат.

Барањето за враќање на ДДВ на вршителот на прометот за донацијата, која не е наменета за решавање на состојбите предизвикани од Коронавирусот COVID 19 и документацијата

што се доставува во прилог на барањето, се поднесува до Министерството за финансии во хартиена форма или во електронска форма.

### *2.1 Донација во финансиски средства за COVID 19*

Се ослободува од данок на додадена вредност, прометот на добра и услуги извршен кон буџетски корисник заради справување со Коронавирусот COVID 19, кој се плаќа со финансиски средства од примени донации на буџетски корисник.

За ослободувањето од ДДВ на прометот, вршителот на промет треба да обезбеди **изјава од буџетскиот корисник** во која изјавува под целосна кривична и материјална одговорност дека прометот се плаќа со донирани финансиски средства.

Вршителот на прометот води евиденција за прометот на добра и услуги кон буџетскиот корисник.

За прометот на добра и услуги кои како донација се дадени на буџетски корисник, како и за прометот на добра и услуги извршен кон буџетски корисник, кој се плаќа со финансиски средства од примени донации на буџетски корисник, вршителот на промет во фактурата го наведува основот за ослободувањето на прометот од ДДВ.

### *2.2.2 Поврат на ДДВ од донации со јавен карактер (не за цели на COVID 19)*

Постапката за враќање на ДДВ од донациите, отпочнува со поднесувањето на Образец - ЗДС/ФС-ДДВ, кога предмет на донацијата се финансиски средства.

Со Правилникот за начинот на спроведување на даночното поттикнување, кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги со цел за реализација на јавниот интерес, се пропишува постапката и образецот за повратот на ДДВ од донациите во јавните дејности.

Начинот на спроведување на даночното поттикнување кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги со цел за реализација на јавниот интерес, се врши преку обезбедување на

средства од Буџетот на РМ за плаќање на ДДВ, а со враќање на уплатениот ДДВ на сметката на вршителот на прометот.

Вршителот на прометот, уплатата на ДДВ, ја врши со налог за јавни приходи (образец ПП-50) на:

Трезорска сметка: 100000000063095

- Народна банка на Република Македонија,

уплатна сметка 840 - (ознака на општината) – 02902,

приходна шифра: 714119, програма: 00,

повик на број - задолжување: во кој се наведува бројот на фактурата за извршениот промет,

цел на дознака: ДДВ по основ на донации.

Барањето за враќање на ДДВ на вршителот на проме-тот, кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги, се поднесува на образец (ЗДС/ФС-ДДВ) А-4 формат со бела боја до Министерство за финансии, во два примерока.

Барањето содржи:

- податоци за примател на донација;
- податоци за контакт;
- податоци за донација и
- податоци од фактури за кои се бара враќање на ДДВ.

Кон барањето, се приложуваат следните докази:

- фактура во оригинал од вршителот на прометот, за прометот на добра и услуги издадена кон примателот на донацијата.

Во фактурата треба да е содржан бројот и датумот на решението донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, а износот на данок на додадена вредност во фактурата да е искажан во денари,

- копија од решение донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата и во кое е содржано: предметот на донацијата, вредноста на донацијата, давателот на донацијата и примателот на донацијата и
- копија од налог за јавни приходи (Образец ПП-50) за извршена уплата на ДДВ.

Образец: ЗДС/ФС-ДДВ

Прилог

ДО:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ

за враќање на ДДВ на вршителот на прометот, кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги

Молам Министерство за финансии согласно член 15-а од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, да изврши враќање на данок на додадена вредност.

**1.ПОДАТОЦИ ЗА ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА:**

| | |
|---|---|
| Име (назив) | |
| Адреса | |
| Даночен број | |

**2.ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:**

| | |
|---|---|
| Име на лице за контакт | |
| Телефонски број | |
| Е- пошта | |

**3. ПОДАТОЦИ ЗА ДОНАЦИЈА:**

| Р. бр. | Број и датум на решение од Министерство за правда | Назив на давател на донација | Вредност на донација * | Вкупен износ без ДДВ од фактури кои претходно биле доставени со барање за враќање на ДДВ во Министерство за финансии* | Вредност на неискористена донација пред поднесување на ова барање за враќање на ДДВ на вршителот на прометот* | Вкупен износ без ДДВ од фактурите содржани во ова барање за враќање на ДДВ * |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |

* Вредностите се искажуваат во денари.

**4. ПОДАТОЦИ ОД ФАКТУРИ ЗА КОИ СЕ БАРА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ:**

| еден број | Број | Дата на издавање | Име (назив) на вршителот на прометот | Даночен број на вршителот на прометот под кој е регистриран за данок на додадена вредност | Опис на прометот | Износ на надоместокот за извршениот промет, без данок на додадена вредност | Износ на пресметаниот данок на додадена вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Вкупно: | | | | | | | |

Кон барањето приложувам:

1) фактура/фактури во оригинал од вршителот на прометот, за прометот на добра и услуги издадена кон примателот на донацијата. Во фактурата треба да е содржан бројот и датумот на решението донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, а износот на данок на додадена вредност во фактурата да е искажан во денари.

2) копија/копии од решение донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата и во кое е содржано: предметот на донацијата, вредноста на донацијата, давателот на донацијата и примателот на донацијата.

3) копија/копии од налог за јавни приходи (Образец ПП-50) за извршена уплата на данок на додадена вредност.

*Доказот од точка 2) Министерството за финансии може да го прибави по службена должност по претходна согласност на подносителот на барањето личните податоци да бидат употребени во постапка **за враќање на ДДВ на вршителот на прометот за што се плаќа соодветен надоместок во висина утврдена во тарифник во име и за сметка на институцијата од кој е прибавен.**

1.Согласен

2.Не согласен

**Датум и место на поднесување**

**БАРАТЕЛ**

**(име и презиме и потпис**
**на овластено лице на примателот на донацијата)**

___________________

__________________________________________

МП*

* За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва

### *2.3. Донацијата во добра и услуги за Covid-19*

Се ослободува од данок на додадена вредност, прометот на добра и услуги кои како донација се дадени на буџетски корисник за справување со Коронавирусот Covid-19.

За стекнување на правото на ослободување од ДДВ, давателот на донацијата треба да обезбеди потврда од страна на буџетскиот корисник за примената донација пропишана во Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање на писмена потврда за донации во јавните дејности.

Потврдата може да биде разменета меѓу давателот на донацијата и примателот на донацијата во електронска форма и по електронски пат (pdf и сл. формат, кој може да се отпечати) или во хартиена форма.

Давателот на донацијата води евиденција за дадената донација по примател на донација, број на потврда за примена донација, договор за донација, краток опис на донацијата и вредност на дадената донација во финансиски средства, добра и услуги.

***2.3.1 Донации од јавен интерес (не за Covid-19)***

Кога предмет на донацијата се добра и услуги, барањето за враќање на ДДВ се поднесува на образец (ЗДС/ДУ-ДДВ), пропишан со Правилникот за начинот на спроведување на даночното поттикнување при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, извршен за реализација на донација од јавен интерес, како и формата и содржината на барањето за враќање на данок на додадена вредност на вршителот на прометот, при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата како и потребната документација („Службен весник на РМ“ 78/14).

Со правилникот се пропишува начинот на спроведување на даночното поттикнување при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, извршен за реализација на донација од јавен интерес, како и формата и содржината на барањето за враќање на данок на додадена вредност на вршителот на прометот, при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, како и потребната документација.

Начинот на спроведување на даночното поттикнување, при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, извршен за реализација на донација од јавен интерес, се врши преку обезбедување на средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на данок на додадена вредност, а со враќање на уплатениот данок на додадена вредност на сметката на вршителот на прометот.

Вршителот на прометот, уплатата на ДДВ, ја врши со налог за јавни приходи (образец ПП-50) на Трезорска сметка:

100000000063095 - Народна банка на РМ,

уплатна сметка 840 - (ознака на општината) – 02902,

приходна шифра: 714119, програма: 00,

повик на број – задолжување: во кој се наведува бројот на фактурата за извршениот промет,

цел на дознака: ДДВ по основ на донации.

Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на вршителот на прометот, при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, се поднесува на образец (ЗДС/ДУ-ДДВ) А-4 формат со бела боја до Министерство за финансии, во два примерока.

Барањето содржи:

- податоци за примател на донација;

- податоци за контакт;

- податоци за донација и

- податоци од фактури за кои се бара враќање на данок на додадена вредност.

Кон барањето се приложуваат следните докази:

1) фактура во оригинал од вршителот на прометот, за прометот на добра и услуги издадена кон примателот на донацијата. Во фактурата треба да е содржан бројот и датумот на решението донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, а износот на данокот на додадена вредност во фактурата да е искажан во денари,

2) копија од решение донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата и во кое е содржано: предметот на донацијата, вредноста на донацијата, давателот на донацијата и примателот на донацијата и

3) копија од налог за јавни приходи (Образец ПП-50) за извршена уплата на данокот на додадена вредност.

Образец: ЗДС/ДУ-ДДВ
Прилог

ДО:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ

за враќање на данокот на додадена вредност на вршителот на прометот, при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата

Молам Министерство за финансии согласно член 15 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, да изврши враќање на данок на додадена вредност.

**1.ПОДАТОЦИ ЗА ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА:**

| | |
|---|---|
| Име (назив) | |
| Адреса | |
| Даночен број | |

**2.ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:**

| | |
|---|---|
| Име на лице за контакт | |
| Телефонски број | |
| Е- пошта | |

**3. ПОДАТОЦИ ЗА ДОНАЦИЈА:**

| еден број | Број и датум на решение од Министерство за правда | Назив на давател на донација | Вредност на донација * | Вкупен износ без данок на додадена вредност од фактури кои претходно биле доставени со барање за враќање на данок на додадена вредност во Министерство за финансии* | Вредност на неискористена донација пред поднесување на ова барање за враќање на данок на додадена вредност на вршителот на прометот* | Вкупен износ без данок на додадена вредност од фактурите содржани во ова барање за враќање на данок на додадена вредност * |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |

* Вредностите се искажуваат во денари.

4. **ПОДАТОЦИ ОД ФАКТУРИ ЗА КОИ СЕ БАРА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**:

| еден број | Број | Дата на издавање | Име (назив) на вршителот на прометот | Даночен број на вршителот на прометот под кој е регистриран за данок на додадена вредност | Опис на прометот | Износ на надоместокот за извршениот промет, без данок на додадена вредност | Износ на пресметаниот данок на додадена вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | Вкупно: | | | | | | |

Кон барањето приложувам:

1) фактура/фактури во оригинал од вршителот на прометот, за прометот на добра и услуги издадена кон примателот на донацијата. Во фактурата треба да е содржан бројот и датумот на решението донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, **а износот на данок на додадена вредност во фактурата да е искажан во денари.**

2) копија од решение донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата и во кое е содржано: предметот на донацијата, вредноста на донацијата, давателот на донацијата и примателот на донацијата.

3) копија/копии од налог за јавни приходи (Образец ПП-50) за извршена уплата на данокот на додадена вредност.

*Доказот од точка 2) Министерството за финансии може да го прибави по службена должност по претходна согласност на подносителот на барањето личните податоци да бидат употребени во постапка **за враќање на данок на додадена вредност на вршителот на прометот за што се плаќа соодветен надоместок во висина утврдена во тарифник во име и за сметка на институцијата од кој е прибавен.**

1.Согласен

2.Не согласен

**Датум и место на поднесување**
**БАРАТЕЛ**

**(име и презиме и потпис**

**на овластено лице на примателот на донацијата)**

_________________

_____________________________________

МП*

* За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва

*2.4. Прилози кон барањата за поврат на ДДВ*

Барањата за повратот на ДДВ од донации за COVID 19 се поднесуваат до Министерството за финансии, на пропиша-ните обрасци со соодветна поткрепувачка документација.

Кон барањата, се приложуваат следните докази:

• фактура во електронска форма (pdf или друг електронски формат), согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за ДДВ за времена вонредна состојба или фактура во хартиена форма од вршителот на прометот, за прометот на добра и услуги издадена кон примателот на донацијата, во која износот на ДДВ е искажан во денари;

• решение со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, во хартиена форма или во електронска форма потврдена единствено со електронски потпис на раководното лице или од него овластено лице или решение во дигитализирана форма, согласно членот 9 од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, донесено од Министерството за правда согласно членот 2 од уредбата и

• копија од налог за јавни приходи (Образец ПП-50) за извршена уплата на ДДВ, на соодветната уплатна сметка.

Кога барањата и документацијата се поднесуваат електронски и се доставуваат во електронска форма, поднесувањето се врши на посебна е-маил адреса утврдена од Министерството за финансии, кое во рок од седум дена од денот на доставување на барањата и документацијата, го потврдуваат приемот на комплетното барање.

Одредбите од уредбата се применуваат за време на траењето на вонредната состојба, како и по престанувањето на траењето на вонредната состојба до 31.12.2020 година.

## *3. ДОНАЦИИ И ДДВ ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Покрај одредбите од Законот за данокот на додадена вредност (“Службен весник на РМ” 44/99...198/18 и на РСМ 98/19, 124/19 и 275/19), за време на траење на вонредната состојба, ќе се применуваат и одредбите од Уредбата, чии одредби имаат предимство на примена.

За формата на издавање и пренос на фактурите, како и за ослободувањето од ДДВ на прометот на добра и услуги кои како донација се дадени на буџетски корисник, односно прометот остварен со донирани финансиски средства кон буџетски корисник кој се однесува за справување со Корона-вирусот Covid-19 за рокот за поднесување на даночната прија-ва на ДДВ и рокот за плаќање на ДДВ за време на траење на вонредната состојба, се применуваат одредбите од уредбата.

### *2.3 Фактура во електронска форма - pdf формат*

Фактура во електронска форма во смисла на уредбата преставува фактура во електронска форма (pdf или друг електронски формат), која ги содржи сите елементи согласно со член 53 став 10 од Законот за ДДВ и е доставена по електро-нски пат до примателот на прометот.

Вршителот на промет, кој има право да издаде фатура во електронска форма (pdf или друг електронски формат), треба да го извести примателот на прометот, преку електронска пошта, електронска порака и/или на друг начин дека за време на траењето на вонредната состојба, фактурите и другите документи од членот 53 став 2 од Законот за ДДВ ќе ги издава во pdf или друг електронски формат.

Вршителот на прометот кој нема да го извести примателот на прометот, ќе продолжи да издава фактури и други документи од членот 53 став 2 од Законот за ДДВ, во хартиена форма.

Примателот на прометот во рок од 10 дена од приемот на известувањето има право да го извести издавачот на фактурата дека ја одбива формата на достава од во pdf формат. Ако по истекот на 10 дена од примнето известување, примателот на прометот не ја одбие формата на достава, ќе се смета дека е согласен доставата на фактури да се врши по електронски пат.

Фактурите на примателот на фактурата му даваат право на одбивка на претходниот данок согласно со членовите 33, 34 и 34-а од Законот за ДДВ, право на поделба на претходните даноци согласно со членот 36 од законот за ДДВ и право на исправка на одбивката на претходниот данок согласно со членот 37 од Законот за ДДВ.

Фактурата во електронска форма (pdf формат) треба, да ги исполнува законските услови, односно треба:

-да биде обезбедена автентичноста на потеклото на фактурата на начин што примателот на фактурата може недвосмислено да утврди дека таа фактура е испратена од издавачот на фактурата,

-да биде обезбеден интегритетот на содржината на фактурата на начин што применетата технологија и процедури да оневозможуваат промена на податоците во фактурата,

-да биде обезбедена читливост на фактурата, односно визуелна и разбирлива слика на издадената фатура на компјутерскиот екран или други електронски уреди на еднаков начин како и на хартија.

Обврзниците кои што издаваат и примаат фактури се должни да ги исполнат евиденциските обврски согласно со членот 52 од Законот за ДДВ.

# НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

*дипл. економист Јулија Минковска*

## БЛАГАЈНИЧКО РАБОТЕЊЕ И БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ

***Кредитите и дбитните картички, електронското банкарство и достапноста до современи начини и средства се повеќе го намалуваат значењето на готовинското работење, особено кај правните субјекти.***

***Ресурсите и регидните регулативи, се уште некои од фактурите кои ги димензионираат***

## ВОВЕД

Благајната е место каде се финализира готовинското работење, кое преставува еден сегмент од вкупното работење на правните субјекти, а се однесува на работење со парични средства во форма на готови пари и хартии од вредност, кои се користат како средства за плаќање.

Благајничкото работење на субјектите, односно наплатата и исплатата од благајната, висината на благајничкиот максимум, се регулирани согласно следните законски прописи:

- **Закон за платен промет** (“Службен весник на РМ” 32/01.............153/15; 199/15; 193/17; 7/19);
- **Закон за регистрирање на готовински плаќања** (“Службен весник на РМ” 31/01............11/18; 98/19);
- **Упатство за платен промет во земјата** („Службен весник на РМ” 18/11; 156/11; 77/12);
- **Упатство за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата** (“Службен весник на РМ” 161/07; 56/08; 114/08; 149/08; 165/08; 95/09; 18/11);

## *1. ИЗВРШУВАЊЕ РАБОТИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ*

Согласно член 10 од Законот за платен промет, платниот промет се извршува единствено преку трансакциски сметки, кои се пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки.

**Не е дозволено** плаќање помеѓу учесниците во платниот промет, кое не се извршува **преку трансакциски смет**ки.

Носителот на платен промет **ќе дозволи исплата** на платата на учесникот во платниот систем, **само ако претходно за истата се платени данокот и придонесите.**

Носителот на платниот промет, за вршење на работите во платниот промет, отвора трансакциска сметка на учесникот во платниот промет на негово писмено барање.

Учесникот во платниот промет, **може да има повеќе трансакциски сметки** кај еден носител на платен промет, или пак кај повеќе носители на платниот промет. Начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциската сметка, ги пропишува гувернерот на Народна банка

Носителот на платниот промет, ја затвора трансакциската сметка на учесникот во платниот промет на негово писмено барање.

По исклучок, носителот на платен промет ја затвара трансакциската сметка на учесникот на платниот промет и без негово писмено барање доколку учесникот во платниот промет е неактивен субјект чие бришење согласно со Законот објавено на веб страницата на Централниот регистар на РМакедонија.

Доколку учесникот во платниот промет престане да постои како правен субјект врз основа на Закон, судска одлука или по на-лог на надлежен орган , носителот на платниот промет ја затвара трансакциската сметка на учесникот во платниот промет.

***НАПОМЕНА*: Трансакциската сметка, која нема салдо и промени во последните 2 години и не е блокирана, носителот на платниот промет е должен да ја ЗАТВОРИ, за што задолжително го известува учесникот во платен промет.**

Учесникот во платниот промет е должен за настанатите статусни и други промени, писмено да ги извести носителите на платниот промет, кај кои има трансакциска сметка, **најдоцна во рок од 3 дена**, од денот на донесувањето на одлука за статусните и други промени.

Носителот на платниот промет е должен податоците за промените во својот регистар на трансакциски сметки, да ги достави до единствениот регистар на трансакциски сметки истиот ден, а најдоцна до крајот на работното време на единстվниот регистар на трансакциски сметки.

Податоците за промените во регистарот на трансакциски сметки, единствениот регистар на трансакциски сметки ги доставува до Централниот регистар на РСМакедонија во истиот ден, а најдоцна до крајот на работното време.

Единствениот регистар на трансакциски сметки го води клириншката куќа, која ја определува Министерството за финансии.

Податоците од единствениот регистар на трансакциски сметки може да се користат под услови утврдени со закон.

## *2. ПЛАТНИ ИНСТРУМЕНТИ*

Согласно член 17 од Законот, се користат платни инструменти, чија форма на медиумите за пренос претставува предмет на договор меѓу носителот на платниот промет и учесникот во платниот промет.

Платните инструменти и нивната содржина и форма, освен формата на платните инструменти, содржани во медиумите за пренос, ги пропишува министерот за финансии.

Плаќањето преку трансакциски сметки, се врши врз основа на платен инструмент.

**Платен инструмент на товар на сметка, може да издаде:**

*1) **Учесникот во платниот промет** - имател на сметката,*

*2)* ***Носителот на платен промет****, врз основа на договорни овластувања и решенија за присилна наплата,*

*3)* ***Носител на платен промет*** *за исправка на грешка направена од носител на платен промет, со исклучок на трезорска сметка и*

*4)* ***Трезорот*** *при Министерството за финансии, за сметки во рамки на Трезорската сметка.*

*5****) Трезорот на Фондот*** *за сметки во рамките на здравствената трезорска сметка.*

Постапката за исправка на грешка, направена од носител на платен промет, ја пропишува гувернерот на Народна банка.

Плаќањето по платниот инструмент се извршува доколку на трансакциската сметка на чиј товар се издава платниот инструмент, има покритие.

Под покритие на трансакциска сметка се подразбира состојбата на трансакциската сметка од претходниот ден, зголемена за приливот на средства во текот на денот и за средствата одобрени врз основа на договор со банката за дозволеното негативно салдо на сметката, намалено за плаќањата во текот на денот, до моментот на утврдување на покритието.

### *3. БЛАГАЈНИЧКО РАБОТЕЊЕ*

Благајничкото работење претставува синтеза на примање ***(прилив)*** и издавањето ***(одлив)*** на пари и други средства за плаќање, вршење на менувачки работи на менувачниците и девизни работи, за потребите на правните субјекти.

Според тоа независно од тоа дали благајничкото работење се врши преку една или преку повеќе благајни, ***најчесто ги опфаќа следниве работи:***

- **Подигање на готови пари** од трансакциска сметка и нивно внесување во денарската благајна, заради исплата;
- **Подигање на ефективни странски пари** од девизната сметка и внесување во девизната благајна за потребите на исплатата на ефективни странски пари;

- **Уплати, исплати и чување** на готови пари во домашна и странска валута;
- **Внесување на готови пари** на трансакциска сметка на субјектот, над висината на благајничкиот максимум, односно уплата на ефективни странски пари на девизната сметка;
- **Примање, издавање и чување** на хартии од вредност во домашна и странска валута;
- **Чување и манипулирање** на други вредности во благајната;
- **Доставување на благајнички документи** во врска со извршените уплати, односно исплати;
- **Ажурно водење на книгата на благајната (**благајнички извештај) и други помошни работни книги, кои се водат во состав на благајничкото работење;
- **Чување на благајнички документи** и помошни работни книги, во врска со благајничкото работење, во рокови кои ги пропишува Законот за трговски друштва **(5 години од последниот ден на пресметковната година на која се однесуваат*).***

### *3. 1. Благајнички максимум*

Согласно член 20 од Законот, учесникот во платниот промет може за плаќање во готово, да подига од трансакциските сметки **и да држи во благајна пари во готово во висина на благајничкиот максимум.**

Висината на благајничкиот максимум, учесникот во платниот промет е должен да ја утврди со посебен акт, во зависност од висината и видот на исплатите во пари во готово, што ги врши спрема природата на своето работење, оддалеченоста од седиштето на институцијата за платен промет, на банката, на поштата и од другите услови што се од влијание врз потребата за држење пари во готово во банката.

**НАПОМЕНА: Согласно член 20 став 4 од Законот, плаќањето на производи и услуги во готово од страна на правни лица не може поединечно да биде повеќе од 6.000,00 денари.**

При изготвувањето на актот за благајнички максимум, учесникот во платниот промет, **треба да ги има во предвид висината и видот на исплатите во пари во готово**, што ги врши спрема природата на своето работење, оддалеченоста од седиштето на институцијата за платен промет (банката) и од другите услови што се од влијание врз потребата за држење пари во готово во благајната.

**НАПОМЕНА: Одлуката за утврдување на висината на благајничкиот максимум за наредната година, треба да се донесе најдоцна до крајот на годината**.

Измената на благајничкиот максимум може да се изврши во текот на деловната година, повторно со Одлука на субјектот, ако се изменат условите врз основа на кои важи последниот благајнички максимум.

Ако субјектот на крајот на годината, не го утврди благајничкиот максимум за наредната година, во наредната година важи последниот благајнички максимум.

### *3.1.1. Утврдување на Благајнички максимум*

Согласно член 20 став 1 и 2 од Законот, учесникот во платниот промет може за плаќање во готово да подига од сметките и да држи во својата благајна пари во готово во висина на благајничкиот максимум. Висината на благајничкиот максиум, учесникот во платниот промет е должен да ја утврди со посебен акт

***Пример:*** *Претпријатието во месец* ***ДЕКЕМВРИ*** *има исплати од Благајна* ***(без плати, дневници, откуп и друго)*** *во износ од 200.000,00 денари. Износот се дели со работните денови во* ***ДЕКЕМВРИ 2020 година (23 дена), се множи со 5, за да се утврди Благајничкиот максимум, за 5 дена.***

**Постапката за утврдување на благајничкиот максимум е следната:**

***200.000 : 23 = 8.696,00 x 5 = 43.480,00 – благајнички максиум***

**<u>НАПОМЕНА: Учесникот во платниот промет согласно член 20 став 3 од Законот за платен промет е должен сите парични средства примени во готово, по која и да било основа да ги уплати истиот ден на својата сметка, а најдоцна наредниот работен ден.</u>**

## *ОДЛУКА ЗА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ*

Врз основа на член _____ од Статутот на ________________ и член 20 од Законот за платен промет,(“Службен весник на РСМ” 32/01……………193/17; 7/19), Управниот одбор на ден **26.12. 2020** година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за Благајнички максимум за 2021 година**

**1 Се утврдува благајнички максимум за 2021 година во износ од 43.480,00 денари.**

**2. Сите парични средства од дневниот Пазар примени во готово, по која и да било основа, се уплатуваат на трансакциската сметка кај носителот на платен промет, истиот ден, а најдоцна наредниот работен ден, од денот на наплатата.**

**3. Оваа одлука се применува од денот на донесувањето,односно од 01.01.2021 година.**

**4. Со стапување во сила на оваа одлука, престанува да важи одлуката за благајнички максимум донесена од Управниот одбор на ден ______________________**

**Претседател на**
**Управен одбор (директор)**

**НАПОМЕНА: Доколку правното лице не ги уплати најдоцна наредниот работен ден на својата трансакциска сметка примените парични средства во готово, по било кој основ, во член 51 од Законот е предвидена е Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност. Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за учесникот во платен промет, ќе му се изрече на одговорното лице кај учесникот во платен промет.**

**<u>НАПОМЕНА: Одлуката за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2021 година, треба да се донесе најдоцна до 31 декември 2020 година.</u>**

## *4. ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА*

### *4.1. Подигање готовина од трансакциска сметка во банка*

Согласно Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата, подигањето на готовина од трансакциска сметка во банките, се врши со налог на исплата на готовина ***(Образец ПП-40).***

Овој образец се користи за подигање на средства (готовина) од трансакциската сметка на правното или физичкото лице за подигање на ефектива за исплата.

Одредбата од член 10 од Законот не значи и целосно укинување на можноста за подигање готовина.

Напротив и во одредбата на членот 20 став 1, се дава можност учесникот во платниот промет да може да подига од трансакциска сметка **и да држи во својата благајна пари во готово, во висина на благајнички максимум**, кој е должен со посебен акт да го уреди.

Како доказ дека може да се подига готовина од банка е и тоа што во Упатството за платени инструменти и понатака постојат одделни шифри, кои дозволуваат подигање и исплата на готови пари и тоа за следните основи:

**ВАЖЕЧКИ ШИФРИ ЗА ПОДИГАЊЕ ГОТОВИНА ОД ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА**

| Шифи на плаќање | Цел на дознаката |
|---|---|
| 140 | Исплата на пензии во готово (*се користи за озна-ка при исплати во готово по основ на пензии*) |

| | |
|---|---|
| **180** | **Исплата на други лични примања во готово (се користи за исплата во готово за):** |
| *184* | *- исплата на социјална помош* |
| *185* | *- исплата на примања на инвалиди* |
| *188* | *- исплата на дневници и трошоци за службени патувања* |
| *189* | *- исплата на теренски додатоци за време на работа на терен* |
| 193 | *- исплата на надомест во случај на смрт на член на семејство, повреда и боледување* |
| **860** | **Исплата во готово од сопствена сметка во полза на правно лице врз основа на:** |
| | - откуп на земјоделски и сточарски производи |
| | - материјални трошоци |
| | - други основи (согласно пропис) |
| 861 | Други исплати од сметка на правни лица во готово |
| **870** | **Исплата во готово од сопствена сметка на физичко лице на основа на:** |
| *871* | *- исплата на депозит по видување или штедна книшка* |
| *872* | *- исплата на орочен депозит или штедна книшка* |
| *873* | *- исплата од сметка* |
| *874* | *- исплата на камата на депозит по видување* |
| *875* | *- исплата на камата на орочен депозит* |
| *876* | *- исплата на камата од сметка* |
| *877* | *- други исплати во готово од сопствена сметка во полза на физичко лице – се користи како ознака при други неспомнати основи, во полза на физичко лице* |
| 880 | Готовинска исплата од порто каса |

Во врска со готовинските плаќања, треба да се има предвид и одредбите од Законот за регистрирање на готовинските плаќања, според кои даночните обврзници кои вршат промет на добра и промет на услуги, за кој плаќањата се извршуваат во готово, должни се да воведат и користат фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања и задолжително да издаваат фискална сметка, освен оние даночни обврзници за кои е пропишан исклучок.

Согласно член 9 од Законот за готовински плаќања, даночните обврзници **кои се ослободени од воведување и употреба на фискална опрема се:**

1. **Даночни** обврзници кои данокот на доход за приходите од вршење на дејност го плаќаат според паушално утврден нето приход (освен таксистите);
2. **Лицата кои не се трговци** за прометот на непреработеното и сопствено земјоделско производство што го вршат на тезги на пазар, како и надвор од пазарите;
3. **Физички** лица кои издаваат под закуп станбен или деловен простор;
4. **Лицата кои вршат дејности** во објекти што се наоѓаат во населени места, со број на жители под 300 луѓе и кои се сместени во високо планински и тешко достапни места, со исклучок на туристички места;
5. **Лицата кои вршат улична** продажба на весници и списанија – колпотерска продажба;
6. **Лицата кои вршат улична продажба** на лозовите кои што се употребуваат при приредување на игрите на среќа од типот инстант лотарија, како и на картичките што се употребуваат при приредување на игрите на среќа од типот томбола;
7. **Лицата кои** извршуваат континуиран промет за кои издаваат сметки и за кои се предвидени последователни плаќања (испорака на струја, вода, телефонски услуги, греење и ладење и други) и
8. **Продажба на добра или услуги преку автомати за** продажба кои работат со монети и книжни пари.

### *4.2. Извршување попис на парични средства во благајна*

Согласно член 2 од Правилникот за начинот на вршење на пописот, пописот на средствата и обврските вклучува:

1) **Утврдување на фактичката состојба** на средствата и обврските;
2) **Утврдување на отстапувањата** во број (количество) и вредност меѓу сметководствената и фактичката состојба;
3) **Детална анализа** на причините за утврдените отстапувања;
4) **Предлагање на постапки и процедури** за усогласување на сметководствената со фактичката состојба и
5) **Спроведување на избраните постапки** и процедури за усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

Трговецот со посебен акт го утврдува начинот на попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот, формирањето на една или повеќе пописни комисии и изборот на соодветните постапки за усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

Согласно член 4 од Правилникот, пописот се врши на средства во сопственост на трговецот, како што се: материјалните средства во сопственост на трговецот, материјалните средства земени под финансиски наем (лизинг), нематеријалните средства, вложувањата во недвижности, биолошките средства, долгорочните и краткорочните финансиски средства, залихите, побарувањата, паричните средства, паричните еквиваленти, дадените аванси, активните временски разграничувања и други средства во сопственост на трговецот.

Пописот на паричните средства се врши на одреден ден, кој е започнат и завршен на денот, кога се утврдува фактичката состојба на средствата и обврските.

## *5. БЛАГАЈНИЧКИ ДОКУМЕНТИ*

Евиденцијата на благајничкото работење се извршува врз основа на соодветни документи. За секоја трансакција, односно уплата – исплата, благајникот приложува соодветен документ.

Благајничкиот документ е писмен доказ за настанатата деловна промена, во врска со благајничкото работење и служи како основа за внесување на ажурираните податоци во главната книга.

Законскиот претставник на субјектот или друго овластено лице **(со потпис на документот)** ја докажува вистинитоста, односно дека документот реално ја покажува деловната промена.

Според тоа единствено документ на кој стои потпис на одговорното лице, може да се користи како основа за книжење.

***Во благајничкото работење се користат следниве документи:***

1. Благајнички уплатници (**каса прими**);
2. Благајнички исплатници (**каса исплати**);
3. Благајнички извештај (**благајнички дневник** или познат во практиката како касов извештај или дневник на благајна).

### *5.1. Каса прими*

***Касата прими***, благајникот ја доставува **за секоја поодделна уплата на готови пари** во благајната, при што треба јасно да се воочи каква е целта за секоја поодделна уплата. Доколку уплатниците се наоѓаат во блокови, односно во три примероци, од кои оригиналот се врачува на уплатителот, односно првата копија се приложува во благајничкиот извештај, а втората копија останува во блокот.

### *5.2.Каса исплати*

***Касата исплати,*** благајникот ја доставува за секоја поделна исплата на готовината од благајната, врз основа на заверени и уредни документи. ***Исто така касата исплати се доставува во три примероци од кои:*** оригиналот се врачува на лицето на кое парите му се исплатени, првата копија оди во благајничкиот извештај, а втората копија останува во блокот. На сите примероци треба јасно да се гледа потписот на примателот на парите.

### *5.3.Дневник на благајна*

***Дневникот на благајна***, претставува збирен документ, во кој по ред се внесуваат доставените благајнички, уплати и исплати, за периодот за кој се составува.

Периодот за кој се составува благајнички извештај може да се однесува на работен ден, на една недела или на друг временски период, во зависност од тоа колку често има уплата и исплата, како и од благајничкиот максимум.

Благајничкиот извештај всушност претставува дел од благајничката книга, поврзана на помошна деловна книга со страници наредени по број.

**Во оваа книга исто така тековен број имаат две страници и тоа:**

- ***Оригинал и***
- ***Копија.***

Оригиналот кој е перфориран го претставува благајн-ичкиот извештај, заедно со благајничките документи во прилог, се доставува во финансиското сметководство.

Втората страна со ист број копии, останува во книгата **Благајнички извештај.**

***НАПОМЕНА:* За разлика од касата прими/исплати благајничкиот извештај може да се испечати и на печатач но задол-жителен е во хартиена форма.**

## *6. КНИГОВОДСТВЕНИ ПРИМЕРИ ЗА БЛАГАЈНИЧКО РАБОТЕЊЕ*

Готовинскиот промет на паричните средства во денари, кој што се врши преку благајната, се искажува на сметката **102 – Благајна.**

На оваа сметка се искажуваат и паричните средства и други хартии од вредност и се евидентира готовинскиот промет на паричните средства во денари, кој што се врши преку благајната.

Зависно од видот на дејноста што ја врши правното лице, а во врска со потребата за евидентирање на готовинскиот промет и другите хартии од вредност, во рамките на оваа сметка се отвораат следните аналитички сметки, односно се водат следниве благајни:

**1020 – Главна благајна;**

**1021 – Благајна – секторска (аналитика по сектори);**

**1022 - Благајна на поштенски, таксени и други вредносници;**

**1023 – Благајна на бонови за гориво;**

**1024 – Благајна на благородни метали;**

**1025 – Други благајни;**

**1026 – Времена благајна;**

**1029 – Благајна преодна.**

Покрај главната благајна, **субјектот може да има повеќе помошни благајни:**

- **- Порто благајна за поштенски трошоци и такси;**
- **- Благајна на парични (бензински) бонови;**
- **- Благајна на странски валути.**

## *7. КНИЖЕЊА ПРИ БЛАГАЈНИЧКО РАБОТЕЊЕ*

***ПРИМЕР 1:*** *Примен е дневен пазар од продавница бр.1 во износ од 150.000,00 денари. Истиот ден примените пари се уплатени на трансакциска сметка.*

***КНИЖЕЊЕ:***

| | | |
|---|---|---|
| 1020 – Главна благајна | 150.000 | |
| 741 – Приходи од продажба на добра (стоки) во земјата | | 127.119,00 |
| 230 – Обврски за ДДВ - 18% | | 22.881,00 |

***(примен дневен пазар по касов извештај бр.__);***

| | | |
|---|---|---|
| 1009 – Преодна сметка | 150.000 | |
| 1020 – Главна благајна | | 150.000 |

***(уплата на дневен пазар по касов извештај бр.__);***

***Пример 2:*** *Подигнати се парични средства од трансакциска сметка 70.000,00 денари.*

***КНИЖЕЊЕ:***

| | | |
|---|---|---|
| 1009 – Преодна сметка | 70.000 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 70.000 |

***(подигнати пари од трансакциска сметка);***

| | | |
|---|---|---|
| 1020 – Главна благајна | 70.000 | |
| 1009 – Преодна сметка | | 70.000 |

***(за подигнати пари од трансакциска сметка);***

| | | |
|---|---|---|
| 4400 – Дневници за службени патувања | 35.000 | |
| 4401 – Надоместоци на трошоци за превоз на службено патување | 35.000 | |
| 1020 – Главна благајна | | 70.000 |

***(исплата за патни и дневни трошоци);***

***ПРИМЕР 3:*** *При пописот на готовите пари во благајната (за декември), комисијата за попис, утврдила недостиг на парични средства во износ од 20.000,00 денари, на товар на благајникот, кој дополнително го уплатил износот.*

***КНИЖЕЊЕ:***

145 – Останати побарувања од вработените 20.000
1020 – Главна благајна 20.000
***(книжење на кусок.);***

1020 – Главна благајна 20.000
145 – Останати побарувања од вработените 20.000
***(за подмирување на кусок**.);*

**НАПОМЕНА*:* Доколку се утврди вишок во благајната на крајот на годината, се книжи во корист на приходот, со книжење (1020/764).**

***ПРИМЕР 4:*** *Субјектот набавил поштенски марки, во вредност од 42.000,00 денари.*

***КНИЖЕЊЕ:***

1022 – Благајна на поштенски марки 42.000
1020 – Главна благајна 42.000
***(набавка на поштенски марки)**.*

3109 – Залиха на поштенски марки 15.000
1021 – Благајна секторска 15.000
***(за исплата на поштенски марки)***

**НАПОМЕНА: За потрошените поштенски марки, според посебната евиденција на порто – благајната (на пример износ од 15.000,00 денари), се спроведува книжење:**

***ПРИМЕР 5:*** *Купени се бонови за бензин, кај овластените претпријатија за промет со нафтени деривати, во износ од 250.000,00 денари во готово и издадени се на работникот "НН" за кои тој треба да поднесе соодветна сметка за купување бензин.*

***КНИЖЕЊЕ:***

| | | |
|---|---|---|
| 1023 – Благајна на бонови за гориво | 250.000 | |
| 1020 – Главна благајна | | 250.000 |
| ***(за купени бонови);*** | | |
| 145 – Останати побарувања од вработените | 250.000 | |
| 1023 – Благајна на бонови за гориво | | 250.000 |
| ***(дадени бонови на работникот).*** | | |

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл. правник Христина Игнатоска*

# МЕНАЏЕРСКИ ДОГОВОР

***Законот за трговските друштва уредува област на менаџерството, истоветно на Законот за работите односи, кој дел се однесува на работниот однос а менаџерите, нивните права и обврски и правни последици.***

## *ВОВЕД*

Со Законот за работните односи (“Службен весник на РМ” 62/05…110/19) *во натамошниот текст ЗРО*, се уредува начинот на објавување на оглас за работа, засновање на работен однос, склучување на договор за работа, права и обврски на работник и работодавач, паузи, одмори, плати на вработените, како и отказ на договорот за работа.

Според ЗРО, договорот за вработување престанува да важи:

- ✓ со изминување на времето за коешто бил склучен;
- ✓ со смрт на работникот или работодавачот (физичко лице);
- ✓ поради престанување на работодавачот согласно со закон;
- ✓ со спогодбено раскинување;
- ✓ со отказ;
- ✓ со судска пресуда и
- ✓ во други случаи утврдени со закон.

## *1. МЕНАЏЕРСКИ ДОГОВОР СПОРЕД ЗТД*

Менаџерските договори, се Договори кои се склучуваат за уредување на односите, помеѓу член на орган на управување на друштвото и надзорниот одбор или содружници кај друштва со ограничена одговорност.

Во македонското законодавство, менаџерските договори се уредуваат со:

- ✓ Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ". 28/04...120/18) и
- ✓ Законот за работните односи („Службен весник на РМ" 62/05...110/19).

Други закони кои ги уредуваат другите видови и форми на правни лица како Закон за установите, Закон за јавни претпријатија, Закон за банките, Закон за хартии од вредност, Закон за супервизија на осугурување, Закон за високо образование, Закон за култура, Закон за задругите и други.

Според Законот за трговски друштва (*во натамошниот текст ЗТД* 12), договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител е договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот.

Според член 54 од Законот за работни односи во натамошниот текст ЗРО, ако договор за вработување склучуваат деловните лица (менаџери), во договорот за вработување страните можат поинаку да ги уредат правата, обврските и одговорностите од работниот однос особено за:

- ✓ условите и ограничувањата на работниот однос на определено време,
- ✓ работното време,
- ✓ обезбедувањето на дневен и годишен одмор,
- ✓ плаќањето на работата и
- ✓ престанувањето на важноста на договорот за вработување.

Работоводниот орган (менаџер), правата и обврските од работен однос, за времето додека е именуван, односно

избран на таа должност, ги остварува кај работодавачот кај кого е именуван, односно избран според одредбите на ЗРО и друг закон, колективен договор и договорот за вработување.

Односите меѓу друштвото и членовите на органот на управување по правило се уредуваат на статусна основа, односно со Статутот на акционерското друштво или со Договорот / Изјавата за основање на друштвото со ограничена одговорност.

Склучувањето на менаџерскиот договор по правило се истоветува со стекнување на положбата член на органот на управување на друштвото.

Односите на членовите на друштвото со членовите на органот на управување, можат да се воспоставаат и врз договорна основа.

Односи врз договорна основа, не се воспоствуваат со сите членови на органот на акционерското друштво.

Договор за уредување на односите меѓу друштвото и член на органот на друштвото (Менаџерски Договор), можат да склучуваат само:

- ✓ извршните членови на одборот на директори и
- ✓ членовите на управниот одбор.

При дефинирањето законодавецот се определил за два вида на менаџерски договори.

- ✓ *првиот, договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот (се уредува односите со т.н. менаџмент на повисоко управувачко ниво)* ***(менаџерски договор)*** *и*
- ✓ *вториот, договор за уредување на односите со раководно лице, (се уредуваат односите со менаџерите на пониско ниво).*

При креирањето на критериумите за наградување на менаџерот треба, во структурата, да постои значајна правопропорција меѓу исплатата на награда на членовите на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори и резултатите од работењето на секој член и резултатите од работењето на самото друштво.

## *2. ПРИМЕР ЗА МЕНАЏЕРСКИ ДОГОВОР*

Врз основа на член 54 и 55 од Законот за работни односи и член _____ од Актот за основање на друштвото ____________, на ден помеѓу:

1. Содружникот на друштвото, ___________________ ДООЕЛ Скопје и
2. ______________________ член на Управен одбор на друштвото, од _____________, ул. _______ЕМБГ ________________, (во натамошниот текст: менаџер), се склучува

**Д О Г О В О Р**

**за уредување на односите меѓу друштвото и член на УО на друштвото (менаџер)**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат односите меѓу друштвото и член на управен одбор кои произлегуваат од функцијата на која е избран со одлука на Содружникот бр._________ од _________, како и правата кои произлегуваат од работен однос.

Менаџерот функцијата ќе ја врши почнувајќи од _________ година.

На менаџерот не се применуваат одредбите од Законот за работни односи и колективниот договор што се однесуваат на засновање и престанок на работниот однос, дисциплинската одговорност, платата, надоместоци и заштита на правата на работниците.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕН НА УО**

**Член 2**

Менаџерот е должен да ги води работите во согласност со законот, Актот за основање и другите акти на друштвото.

Менаџерот е должен овластувањата што му припаѓаат врз основа на актите на друштвото и што му се доверени со овој договор да ги врши во интерес на друштвото и содружникот со внимание на уреден и совесен трговец.

Менаџерот - член на Управниот одбор има исти права и обврски како и останатите членови на управниот одбор без оглед како се распределени правата и обврските меѓу нив во Управниот одбор.

За својата работа менаџерот е одговорен на содружникот на друштвото.

**Член 3**

Сите членови на Управниот одбор ги водат и вршат заедно работите утврдени со закон и Актот за основање на друштвото на друштвото.

Менаџерот заедно со другите членови на управниот одбор го застапуваат друштвото во односите со трети лица заеднички (освен ако со Актот за основање на друштвото не е поинаку определено).

**Член 4**

Менаџерот како член на Управниот одбор е должен:

- да учествува во поготовка на извештај за работењето на друштвото, кој се поднесува најмалку еднаш во три месеци;

- да учествува во подготовка на годишна сметка и годишен финансиски извештај кои се поднесуваат по истекот на деловната година;

- по барање на содружникот да учествува во подготвка на посебен извештај за состојбата на друштвото или за некое прашање од неговото работење;

- во случај на загуба, презадолженост или неспособност за плаќање утврдена со тромесечна или полугодишна пресметка, да учествува во подготовка на писмен извештај со објаснување на причините на загубата и предлог на мерки за за покривање на загубата.

**ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ И ДРУГИ ТРОШОЦИ**

**Член 5**

За својата работа менаџерот има право на основна плата во нето износ од ________ денари и надомест на плата за деновите кога не работи поради боледување, користење годишен одмор, празнување и платено отсуство во согласност со закон и колективен договор.

Заедно со платата друштвото ги уплаќа и сите даноци и придонеси на примањата.

**Член 6**

Покрај основната плата, менаџерот има право и на:

- награда за постигнатите резултати преку учество во добивката на друштвото, соодветно на видот и обемот на доверените задачи, работно-правниот статус и неговиот личен придонес во успешноста на водење на друштвото (во вид на пари, акции, тантиеми, бонус или друг начин) и
- награда за посебно доверени задачи за друштвото.

**Член 7**

Менаџерот има право на надомест на трошоци поврзани со работата и тоа:

- надомест на трошоци за службени патувања во земјата, во висина на патните трошоци и дневници;
- надомест на трошоци за службено патување во странство, во висина определена за органите на управа во РМ.

## РАБОТНО ВРЕМЕ И ОДМОРИ

### Член 8

Распоредот на работното време на менаџерот е соодветно на потребите на процесот на работа на друштвото.

Менаџерот има право на одмор во текот на работниот ден, во траење од 30 минути, право на дневен одмор во траење од 12 часови и право на неделен одмор во траење од 24 часа.

Годишниот одмор на менаџерот се определува во согласност со потребите на процесот на работа на друштвото, распоредот на годишниот одмор менаџерот ќе го договори со другите членови на управниот одбор, односно друштвото.

## ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 9

Друштвото се обврзува на своја сметка да го осигура менаџерот кај реномирана осигурителна компанија:

- во случај на смрт, односно инвалидност во висина од _____;
- осигурување во случај на професионален ризик во висина од ____;

## ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАБРАНА ЗА КОНКУРЕНЦИЈА

### Член 10

Менаџерот е должен како деловна тајна да ги чува сите известувања и податоци кои се однесуваат на работењето на друштво, до кои дошол во работењето, а кои ги добил како доверливи.

Обврската за чување деловна тајна, трае за време на важноста на овој договор и две (*или повеќе*) години, по престанувањето на мандатот.

**Член 11**

Менаџерот и член на неговото семејство не смее без одобрение на Содружникот:

- за своја или туѓа сметка, да врши работи кои спаѓаат во предметот на работење на друштвото;
- да врши друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;
- да биде член на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво, кое има ист или сличен предмет на работење, како и друштвото;
- во просториите на друштвото, да врши работи за своја или туѓа сметка.

До колку менаџерот постапи спротивно на наведените забрани, должен е на друштвото да му плати надомест на штета во висина од ___________ денари, или да му ја отстапи на друштвото правната работа склучена за своја сметка и користа стекната со правната работа, склучена за своја или туѓа сметка.

**ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА**

**Член 12**

Ако менаџерот заедно со другите членови на Управниот одбор ги повредат своите обврски, му одговараат на друштвото за причинетата штета како солидарни должници ако не работеле со внимание на уреден и совесен трговец, освен ако менаџерот работел врз основа на одлука на собранието кое ја усвоило и покрај тоа што укажал дека е спротивна на закон или ако менаџерот се спротивставил на таквата одлука и гласал против одлуката.

**ОТПОВИКУВАЊЕ И ОСТАВКА**

**Член 13**

Менаџерот, или целиот Управен одбор, може да биде отповикан од страна на Содружникот во секое време со или без образложение и на негово место да биде именуван нов член, односно нов Управен одбор.

Мандатот на менаџерот може да престане и ако Содружникот не ја одобри неговата работа или работата на Управниот одбор во целост.

Во случај на отповикување на менаџерот пред истекот на рокот, менаџерот има право на отпремнина во висина од ________ плати утврдена во член 5 од овој договор.

**Член 14**

Менаџерот може да поднесе оставка во било кое време со поднесување писмено известување, заверено кај нотар, освен до колку интересите на друштвото не наложуваат нешто друго.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 15**

Овој договор може да се раскине еднострано, со писмено известување на спротивната страна и отказен рок од ______ месеци.

Менаџерот може да го раскине договорот во следниве случаи:

- друштвото не му исплаќа плата, согласно одредбите од договорот или
- друштвото не ги почитува другите обврски, преземени со овој договор.

Друштвото може да го раскине договорот, во следниве случаи:

- до колку менаџерот по своја вина, не ги извршува обврските преземени со договорот;

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 16**

Овој договор е склучен за мандатен период од ________ години.

Овој Договор стапува на сила со денот на потпишувањето.

**Член 17**

Измени и дополнувања на овој договор можат да се вршат само во писмена форма со Анекси кон овој Договор.

**Член 18**

Евентуалните спорови страните ќе настојуваат да ги решаваат спогодбено, а во случај на спор, надлежен ќе биде Основниот суд Скопје 2, Скопје.

**Член 19**

Договорот е составен во три еднакви примероци од кои еден за менаџерот, а другите за потребите на друштвото.

Менаџер

Друштво _______ ДООЕЛ
Содружник,_______

_____________________ _____________________

### *3. ПРЕСТАНОК НА МЕНАЏЕРСКИОТ ДОГОВОР*

На извршен член на одбор на директори, член на управен одбор, односно управител, како и на раководните лица, не се применуваат одредбите од Законот за работни односи и колективните договори што се однесуваат на засновање и престанување на работен однос, дисциплинска одговорност, плата, надоместоци и заштита на правата од работен однос

Сите наведени права, овие лица ги остваруваат на начин и според условите утврдени со менаџерскиот договор.

Менаџерскиот договор може да престане по повеќе основи:

- ✓ со истек на рокот на договорот,
- ✓ престанок со настанување на лични околности,
- ✓ престанок на договорот со отповикување,
- ✓ еднострано раскинување на договорот и
- ✓ престанок на договорот со поднесување оставка.

Менаџер може, во секое време, да биде отповикан со одлука на друштвото, на начин кој што одлучувале за неговиот избор, со или без образложение. Секоја поинаква одредба во договорот за друштвото се смета за ништовна.

Отповикуваниот менаџер има право на надомест на штета, предизвикана со предвременото престанување на мандатот, само ако тоа е определено во менаџерскиот договор.

Менаџерот не може да води спор за поништување на одлуката на друштвото, со која е разрешен како менаџер, туку може во постапка за надомест на штета, како предходно прашање, да се утврди дали по негова вина истиот е разрешен.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна месечна бруто плата исплатена во РМ за 2020 година (за даноци и придонеси)* | *38.319,00* |
| *Најниска основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во РМ.за 2020 година за образец (МП – ИН)* | *19.160,00* |
| *Највисока основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плти (16 x 38.319)* | *613.104,00* |
| *Даночно намалување за 2020 година* | *8.228,00* |
| *Дневница за службени патувања од 22..10.2020* | *2.177,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2019 година* | *25.213,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2019 година* | *37.446,00* |

### *1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08.....................171/17; 35/18; 247/18), **Основица** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во Република Македонија, објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, **која за *2020* година, изнесува:**

**19.160,00 денари (38.319,00 x 50%)**

За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга, Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основица за осигурување за тековната година неможе да биде пониска од просечна плата по работник во Р.М. објавена **во Јануари** во тековната година, според податоците на ДЗС која за 2020 година изнесува:

**38.319,00 денари**

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати*** кој износ за 2020 година, изнесува:

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати кој за 2019 година, изнесува.

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.***

**459.828,00 денари (12 x 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

**30.655,00 денари (38.319,00 денари х 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија, објавена во ***ЈАНУАРИ*** во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика, ***која за 2020 година изнесува: 38.319,00 денари.***

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разликата до највисоката основица се пресметува Данок на доход.**

### *3. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***ОКТОМВРИ/2020 година,*** по вработен | 18,8% | ***3.602,00*** | ***115.264,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за месец ***ОКТОМВРИ/2020 година***, по вработен | 7,5% | ***1.437,00*** | ***45.983,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***ОКТОМВРИ/2020 година***, по вработен | 1,2% | ***230,00*** | ***7.357,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за месец ***ОКТОМВРИ/2020 година,*** по вработен. | 0,5% | ***96,00*** | ***3.066,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.365,00*** | ***171.670,00*** |

## *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ (“Службен весник на РМ” 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија ***од 01.07/2020 до 31.03.2021, ќе изнесува:***

**- 14.934,00 денари НЕТО износ;**

**- 21.776,00 денари БРУТО износ**

## *5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *5.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2020 до 31.12.2022 година)*

Согласно член 12 од Законот за данок на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/2018; 275/19), данокот на личен доход за данок од работа се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *5.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2020*** година, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| **Период** | **2020 година** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.228,00*** |
| ***Годишно*** | ***98.736,00 (8.228 x 12)*** |

## *6. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец **СЕПТЕМВРИ/*2020*** година во однос на месец ***АВГУСТ/2020*** година ***се ПОНИСКИ за (-0,2%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***СЕПТЕМВРИ/2020*** во однос на месец ***АВГУСТ/2020*** година, ***изнесува (0,00%).***

## 7. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ

Работните часови за месец ***(ОКТОМВРИ) 2020*** година, изнесуваат: ***176 часа.***

## *8. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *8.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(VIII) СЕПТЕМВРИ/2020 година*** изнесува:

***27.535,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.95 од 22.10.2020).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно **ОСНОВИЦАТА од *27.535,00 денари:***

| |
|---|
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>**(60% од основицата ) (*27.535,00* x *60%)***<br>***16.521,00 денари***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ**<br>**НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**<br>**(*двократен износ од основицата (2* x *27.535,00)*:**<br>***55.070,00 денари***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 55.070,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*:***<br>***(60% од основицата) (27.535,00* x *60%)***<br>***16.521,00 денари***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 16.521,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна ***БРУТО*** плата по вработен за месец ***(VIII) ОКТОМВРИ/2020 година***, изнесува:

***41.070,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.94 од 22.10.2020).***

### *8.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР*

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(VI-VII-VIII/2020 година) ОКТОМВРИ/2020 година*** изнесува:

***27.210,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.95 од 22.10.2020).***

Износот ***27.210,00 денари*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** |
| **Регрес за годишен одмор (**Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):<br>❖ ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ОКТОМВРИ/2020 година изнесува:***<br>***10.884,00 денари во нето износ***<br>***(27.210,00 x 40%)***<br>❖ ***НАЈВИСОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ОКТОМВРИ/2020 година во висина на основицата:***<br>***27.210,00 денари*** |
| **Даночно признат расход во Даночен биланс** (40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)<br>***16.428,00 денари-НЕТО*** **износ** ***(41.070 x 40%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br>**(*двократен износ од основицата (2 x 27.210)***<br>***54.420,00 денари***<br>***Ослободен износ од Данок на личен доход до 54.420,00 ден.*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br>**за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец** ***(во висина на основицата)***<br>***27.210,00 денари***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***

**(60% од основицата - 60% од *27.210,00)***

***16.326,00 денари***

***Ослободен од Данок на личен доход до 16.326,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

**(8% од основицата (8% од *27.210,00)*)**

***2.177,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 2.177,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО***

- ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- ***20% од утврдената дневница***, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- ***5% од утврдената дневница***, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***

**во висина од три основици (*3 x 27.210,00)***

***81.630,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 81.630,00 ден.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***

***во висина од две основици (2 x 27.210,00 денари)***

***54.420,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 54.420,00 денари.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***

***27.210,00 денари*** (во висина на основицата)

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 27.210,00***

***НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ***

(**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).

***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.***

***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ***

(во висина на стварни трошоци)

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2020***

(во висина од **20%** од просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година *(25.213,00 x 20%)*

***5.043,00 денари***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход над 5.043,00***

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

**Е**днократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен). Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

Просечна исплатена месечна ***БРУТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(VI-VII-VIII/2020 год.) – ОКТОМВРИ/2020 година изнесува:***

***40.605,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.94 од 22.10.2020).***

### *8.3. Најниска оснвица за придонеси за САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА во 2020 година*

| |
|---|
| *САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – **вршител на самостојна економска дејност (*таксисти, занаетчии*)**<br>***19.160,00 денари*** |
| *САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – **вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*)**<br>***38.319,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – вршител на професионална и друга интелектуална дејност *(адвокати, нотари, извршители)* до истекот на првата година на отпочнување на дејност:**<br>***19.160,00 денари*** |

### *8.4. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА за придонеси за самовработени лица во 2020 година*

| |
|---|
| ***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати. (12 x 38.319,00 денари)***<br>***459.828,00 денари).*** |

### *8.5. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплаќа Фондот за здравствено осигурување*

| |
|---|
| Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; 171/17;276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2019 година, изнесува ***ЧЕТИРИ*** **просечни месечни нето плати исп-латени во РМ во претходната 2019 година** ***(4 x 25.213,00 денари).***<br>***100.852,00 денари*** |

## *8.6 НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2020 ГОДИНАе*

Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2020 година, изнесува:

***49.811,00 денари***

## *8.7. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност нкако трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ОКТОМВРИ/2020 година*** изнесува(***2 х 27.231,00 денари)***

***54.462,00 денари .***

## *8.8. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; 171/17), **МЕСЕЧНИОТ** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата исплатена во претходната 2019 година во РМ во висина од: (18.723,00 денари 50% од 37.446,00 денари)***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

## *8.9. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ во доброволен пензиски фонд*

| |
|---|
| 1. Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат во висина од износот од 2 просечни месечни бруто плати исплатени во претходната 2019 година на годишно ниво по вработен кои изнесуваат: ***(2 x 37.446,00)*** |
| ***74.892,00 денари*** |

## *8.10. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година (“Службен весник на РМ” 265/19), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** <br> (**30%** од просечна Месечна нето плата исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% x 27.210,00)*** <br> ***8.163,00 денари*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 8.163,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** <br> ***30.000,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 30.000,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** <br> ***15.000,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 15,000,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** <br> ***(за најмалку 10 години работа*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ Е ПРОПИШАНА)*** |

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ СЕ ПРОПИШАНИ)***

***ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***

***(двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):***

***55.070,00 денари (2 х 27.535,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 55.070,00 денареи***

***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***

***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2020 година,НЕ Е ПРОПИШАН).***

***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК***

***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2020 година, НЕ Е ПРОПИШАН).***

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен).***

***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)***

***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА***

за потребите на работодавачот ***(во висина на стварни направени трошоци).***

***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)***

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ за ОКТОМВРИ/2020*** <br> ***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2019 година)***: <br> ***5.617,00 денари (37.446,00 x 15%)*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 5.617,00 денари*** |
| |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ* за 2020 година.** <br> Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ("Службен весник на РМ" 276/2019), вредноста на бодот за ***2020 година изнесува***: <br> ***81,60 денари*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84- Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР) – за (задолжително социјално осигурување) изнесува:*** <br> ***22.513 (50% од 45.025,00)*** |

### *8.10. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приват-ен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови** | **90% од основицата** |

| | |
|---|---|
| **Над 30 дена кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *8.11 Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 7 дена**<br>**До 15 дена**<br>**Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата**<br>**80% од основицата**<br>**90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв и бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА:П***росечна ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

### *8.12 ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...27/16; 120/18; 110/19) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| **Години поминати во работен однос** | **Висина на плата** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

**Просечната нето плата на работникот во посл-едните шест месеци пред отказот и истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.**

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *8.13 ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен вес-ник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за

поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

> ***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.............................................29%***
- ***Работа ноќе..............................................................29%***
- ***Работа во три смени ................................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

> ***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се згоемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *9. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА*

### *9.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 14.934,00 ВО НЕТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **14.934,00** |
| 2. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 6.706,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (4 x 11,1111%)** | **745,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **15.679,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (15.197 x 1,3889)** | **21.776,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 4.094,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 1.633,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 261,00 |
| 10.Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 109,00 |
| 11 **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **6.097,00** |
| 12 Бруто плата намалена за придонеси (5 - 11) | 15.679,00 |
| 13 Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 14 Основица за данок на доход (12 - 13) | 7.451,00 |
| **15. Данок на доход од 10% (14 x 10%)** | **745,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6 - 11- 15)** | **14.934,00** |

### *9.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 21.776,00 ВО БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **21.776,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.094,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.633,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 261,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 109,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **6.097,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 15.679,00 |
| 8. Даночно намалување за 2019 година | 8228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 7.451,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (9 x 10%)** | **745,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 10)** | **14.934,00** |

### *9.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 19.160,00 денари во БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | **19.160,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.602,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.437,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 230,00 |
| 5.Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 96,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **5.365,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 13.795,00 |
| 8.Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 5.567,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (10 x 10%)** | **557,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 11)** | **13.238,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 19.160,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 19.160,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 19.160,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 13.238,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 557,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 5.365,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси)**,* | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 13.238,00 | |
| 2340 – Персонален данок од плата | 557,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 5.365,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 19.160,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

### *9.4. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ ПРИДОНЕСИ во висина од 613.104,00 денари (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **613.104,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 115.264,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 45.983,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 7.357,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.066,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **171.670,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 441.434,00 |
| 8. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 433.206,00 |
| **10. Данок на доход од 10%** | **43.321,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6 – 10)** | **398.113,00** |

### *9.6. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 700.000,00 денари (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 171.669,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **528.331,00** |
| 4. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 520.103,00 |
| 6.Данок на личен доход од 10% *(5 x 10%)* | 52.010,00 |
| **7. Нето плата (1 – 2 - 6)** | **476.321,00** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

### Коефициент на МДБ за месец СЕПТЕМВРИ /2020 (0,3%)

***(„Службен весник на РСМ” 217/2020)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка (“Службен весник на РСМ” 112/2014...232/19; 275/19;) Државниот завод за статристика го утврдува објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ/2020 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ за периодот ***СЕПТЕМВРИ/2020 година*** во однос на просечните цени на мало ***во 2019 година изнесува:*** | ***0,3%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***СЕПТЕМВРИ/2020 година*** **изнесува**: | ***0,3%*** |

Бидејки има пораст на коефициентот на МДБ за месец ***СЕПТЕМВРИ/2020 ГОДИНА,*** Месечната аконтација на данокот на добивка, ке се пресмета како ***1/12* од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за** 2019 година од ***(АОП/ 56), помножен со 0,3%.***

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ/2020 ГОДИНА

***Месечен коефициент за СЕПТЕМВРИ/2020 (0,003) .***
***Кумулативен коефициент од I до IX/2020 (0,012).***

### *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***СЕПТЕМВРИ/2020*** **година** во однос на ***АВГУСТ/2020*** **година.** | ***0,003*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на ***СЕПТЕМВРИ/2020*** **година.** | ***0,012*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***СЕПТЕМВРИ/2020*** **година** во однос на ***АВГУСТ/2019*** **година.**. | ***0,013*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| ***Р.бр*** | ***ОПИС*** | ***Коефициент*** |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***СЕПТЕМВРИ/2020 година***, во однос на ***АВГУСТ/2020 година.*** | ***(-0,011)*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од почетокот на годината до крајот на ***СЕПТЕМВРИ/2020 година*.** | ***0,011*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***СЕПТЕМВРИ/2020 година*** во однос на ***АВГУСТ/2019 година***. | ***0,010*** |

## *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***Коефициент*** |
|---|---|---|
